**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 28.05.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека на 14-та седница која се одржа на 21 мај заедно со г-дин Трајчев и други членови на Советот кои се јавиле за дискусија, имале забелешки за Точката бр.5 - Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Студија за можностите за воведување дигитално радио и Точката бр.6 - Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Анализа на можностите и потребите за воведување DVB-T2. Оттука, рече дека службата ги прифатила нивните забелешки и од таа причина на следната седница која ќе се одржи непосредно по завршувањето на оваа, ставена е точка за изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2021-та година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Измената се однесува поради природата на предметот на јавните набавки, односно префрлање на набавките од предметот стока во услуга. Од таа причина предложи тој или директорот точките кои беа одложени да се повлечат од дневниот ред.

Г-дин Трајчевски објасни дека двете точки се повлекуваат од дневниот ред за 14-та седница и на следната 15-та седница ќе се разгледува предлогот за изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2021-та година на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски праша, како што рече без да биде претенциозен, дали двете точки би можеле да се стават на Дневниот ред за 15-та седница, се разбира откако ќе се усвои ребалансот на Финансискиот план и измената на Годишниот план за јавни набавки?

Г-дин Трајчевски објасни дека од службата нема добиено информација дека двете јавни набавки се итни и дека мора на денешната седница да бидат предложени. Посочи дека идната недела се планира да има седница и тогаш ќе бидат ставени на дневен ред.

Г-дин Петрушевски по образложението и дискусијата, од Дневниот ред за 14-та седница ги повлече Точката бр. 5 - Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Студија за можностите за воведување дигитално радио и Точката бр.6 - Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Анализа на можностите и потребите за воведување DVB-T2, и ја затвори седницата.

**Бр. 02-1988/7**
**02.06 2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**